MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12 - 1978/5
16.08 год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26 и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од познат подносител – физичко лице од Скопје, Државната комисија за спречување на корупцијата на 21-та седница одржана на ден 12 август 2019 година донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријава бр. 12-1978/1 од 26.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител – --------------------- - од Скопје, ул. ------------ бр. ---, со која се изразени сомневања по однос на транспарентноста во изборот и определувањето на статусот на кандидат и на критериумите врз основа на кои се спроведува постапката, односно и се врши доделување на -------------- награда ------------- во Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА поради неоснованост на сомневањата изразени со пријавата.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-1978 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-1978/1 од 26.03.2019 година.

Предметот со број 12-1978 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-1978 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-1978/1 од 26.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител.

Со пријавата се изразуваат сомневања по однос на транспарентноста во изборот и определувањето на статусот на кандидат и на критериумите врз основа на кои се спроведува постапката, односно и се врши доделување на ---------- награда ---------------- во Република Северна Македонија.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот и изврши соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност.

За утврдување на целосна фактичка состојба за овој пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на барање заради прибавување на податоци и информации од -------------- на Република Северна Македонија – ----------------------------- , во


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

одговор на кое кај Државната комисија за спречување на корупцијата е примено писмено бр. 12-1978/4 од 08.07.2019 година со прилог документација.

Од добиента документација е утврдено дека, во согласност со член --- од Законот ------------------ со наградата --------------------- се оддава --------------- признание ------------------------------------------. Во една година, согласно со Законот можат да се доделат --------------------- награди, а Иницијатива за доделување на награди можат да поднесат установи, трговски друштва, здруженија на граѓани и граѓани. ----------------- награди ги доделуваат одбори за доделување на наградите кои се составени од претседател и ---------------- члена. Претседателите и членовите на одборите ги именува ------------------- на Република Северна Македонија од редот -------------------------- и притоа мандатот на претседателите и на членовите на одборите трае ---------------години. Работата на одборите за доделување на наградите е јавна, а одлуките на Одборите за доделување на наградите се донесуваат со тајно гласање, доколку не се утврди гласањето да биде јавно. За следење и увид во остварувањата и за давање предлози за доделување на наградите одборите образуваат ----------------, воедно секој одбор донесува правилник за работа со кој поблиску се определуваат постапката за доделување на наградите, роковите за распишување ---------- и поднесување иницијативи, начинот на работата на одборот, составот и работата на ----------------, ---------------------------------------------------------------, како и други прашања во врска со доделувањето на наградите. Одлуката за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на ------------------------ награда --------------------- е донесена од страна на ------------------- на Република Северна Македонија на седницата одржана на ------------------ година и е објавена во "Службен весник на Република Северна Македонија". Последователно, Одборот за доделување на -------------- награда -------------------- на седницата одржана на ------------------ година донел одлука за објавување на Конкурс за доделување на посочената награда за ---------------- година, кој е објавен на ден ---------------------- година во дневните весници "Независен весник" и "Коха" и на веб страницата на -------------------------, со траење од ------- до ------------- година. Одборот за своите одржани седници води/ел запсиник. На седницата на Одборот одржана на --------------------------- е/било констатирано дека во законски и во со ----------- утврдениот рок до одборот се доставени вкупно -------------- иницијатива ------------------ и тоа: ----------------------------------------------------------------------- иницијатива. На истата седница на Одборот се/биле формирани ------------------, од редот на ---------------------------- утврдени во Законот за ----------------------. На ден -------------------- година до Одборот е/бил доставен извештај на ------------------- комисии со конкретни предлози ------------------- со образложение за секој предлог поединечно. На седницата на Одборот одржана на ден ------------------ се/биле разгледани предлозите и е формирана трочлена комисија за спроведување на тајно гласање по конечните предлози -----------------. По утврдување на конечната листа на --------------- кандидати кои освоиле најмногу гласови е донесена Одлуката за доделување на ------------------ награда --------------- која е објавена во "Службен весник на Република Македонија" и на веб страницата на --------------------------.

Од гореизнесеното може да се заклучи дека од доставената документација и прибавените информации, во текот на постапката од Државната комисија за спречување на корупцијата е утврдена фактичка состојба според која не е констатирана повреда на законот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:**

Против оваа Одлука на Државната комисија за спречување на корупцијата, може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот.

**Одлучено на ден 12 август 2019 година под бр. 12- 1978/5**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива